# ЗАНЗИБАР – СПОЈ НА МИСТЕРИЈА И ЕГЗОТИКА

**15.06-23.06.2025**



**Занзибар** – дестинација која од секогаш претставувала спој на мистерија и егзотика, привлекувајќи со својата недопрена природа и плодната почва која дарува најразлични видови овошја и зачини. Од моментот кога ќе зачекорите на овој рајски остров, ќе го почуствувате духот низ столетијата од древната Персија и приказните за трговците Ширази кои биле инспирација за морепловецот Синбад. Повеќе од 2000 години, монсунските ветрови го обликувале пејзажот и културата на овие острови. Со својата тропска атмосфера и уникатна култура, овој архипелаг нуди незаборавно искуство, задоволувајќи ги сите сетила. Волшебен, егзотичен, романтичен, но истовремено див и недопрен. Ова е еден од најегзотичните острови каде летуваат туристи од целиот свет.Архипелагот Занзибар, кој се наоѓа во Индискиот Океан, на 40 километри од брегот на Танзанија, е вистинска дестинација за релаксација и бегство од секојдневието. Овде имате шанса да уживате во бистра и тиркизно сина вода, долги песочни плажи и многу мали но речиси пусти острови со недопрена природа. Камениот град (Stone City) кој е прогласен за културно наследство на УНЕСКО, е место каде талкајќи низ тесните улички ќе ја откриете магијата на Танзанија.

**15.06.2025 | СКОПЈЕ-ИСТАНБУЛ**

Се пријавувате на аеродромот во Скопје, 2 часа пред предвидениот лет кон Истанбул во 08:45 часот. Пристигнувате во Истанбул во 11:20 часот. Транзит време на еден од најголемите аеродроми во светот, се' до поврзаниот лет кон Занзибар во 18:20 часот.

**16.06.2025 | ИСТАНБУЛ-ЗАНЗИБАР**

Пристигнувате на Занзибар во 03:30 часот по полноќ. По завршување на царинска и пасошка контрола, со организиран трансфер се упатувате кон северниот дел на островот. Сместување во хотел. **Добредојдовте на Занзибар**! Започнува приказната за рајскиот остров каде едининтсвено мото е **"ХАКУНА МАТАТА"**, кое во превод значи "Без грижи". Ден предвиден за одмор од долгиот пат и релаксација во прекрасните води. **Ноќевање**.

**17-22.06.2025 | ЗАНЗИБАР**

Појадок во хотел. Слободни денови за уживање на песочните плажи и прекрасната природа на Занзибар или посета на знаменитости и места, преточени во факултативни екскурзии, предложени од страна на нашата агенција или претсавниците во хотелот. **Ноќевање**.

**23.06.2025 | ЗАНЗИБАР-ИСТАНБУЛ**

Појадок во хотел. Последен ден за уживање на островот. Одјавување во хотел во вечерните часови, каде со организиран трансфер се упатувате кон аеродромот на Занзибар, за лет кон Истанбул во 03:20 часот после полноќ.

**24.06.2025 | ИСТАНБУЛ-СКОПЈЕ**

Слетувате во Истанбул во 12:15 часот. Транзит време на аеродромот во Истанбул, се' до поврзаниот лет кон Скопје во 18:55 часот. Пристигнување во Скопје во 19:30 часот.

| ХОТЕЛ | УСЛУГА | ПАКЕТ ЦЕНА ПО ЛИЦЕ |
|---|---|---|
| Malika Nungwi Hotel 4*, Nungwi | BB/HB | 1249€/1390€ |
| Canary Nungwi Hotel & Spa 3*, Nungwi | BB/HB | 1349€/1429€ |
| Double A Nungwi Beach Hotel 4*, Nungwi | BB/HB | 1590€/1890€ |
| Nungwi Dreams by Mantis 4*, Nungwi | BB | 1649€ |
| Nungwi Beach Resort 4*, Nungwi | HB | 1849€ |
| My Blue Hotel 4*, Nungwi | AI | 1890€ |
| The Z Hotel 4*, Nungwi | BB | 1990€ |
| Essque Zalu Zanzibar 5*, Nungwi | HB | 2190€ |
| Royal Zanzibar Beach Resort 5*, Nungwi | AI | 2390€ |

**BB = појадок*
**HB = појадок и вечера*
**FB = појадок, ручек и вечера*
**AI = All Inclusive*

**Пакет цената е изразена по лице во двокреветна соба, при што истата вклучува:**

- ✓ Повратни авионски билети на релација Скопје-Истанбул-Занзибар-Истанбул-Скопје со Turkish Airlines;
- ✓ Аеродромски такси;
- ✓ Рачен + чекиран багаж по лице;
- ✓ 8 ноќевања со појадок во хотел според избор од понудата;
- ✓ Повратен (приватен) трансфер на релација аеродром-хотел-аеродром;

**Пакет цената НЕ вклучува:**

- ⌦ Виза за влез на Занзибар која чини 50USD и се издава на самиот аеродром по слетување;
- ⌦ Туристичка такса која се плаќа директно во хотелот
- ⌦ Патничко осигурување.

## КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАНЗИБАР

- За влез на територијата на Танзанија (вклучувајќи го и Занзибар) за државјани на Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, потребна е виза при што истата се добива на влез во државата (на аеродром). Цената на визата изнесува 50 американски долари и најчесто се уплатува со картичка (при патување директно во Занзибар). На аеродромот се пополнува формулар со основни информации при што се приложува и слика на бела позадина во пасошки формат (3.5 x 4.5). Визата се издава со рок на важност од 3 месеци;
- На територијата на Танзанија не постои Македонска амбасада;
- Предлагаме да понесете копија од Вашиот пасош;
- Временската зона во Танзанија е UTC + 3, односно во текот на зимскиот период разликата со
- Македонија е 2 часа, а во текот на летниот период е 1 час;
- Водата во Танзанија (вклучувајќи го и Занзибар) не се користи за пиење (користете флаширана вода, дури и при орална хигиена);
- За патување на Танзанија (вклучувајќи го и Занзибар) не е потребна медицинска имунизација (ниту една вакцина не е потребна/задолжителна);
- Не е потребно користење на лекови против маларија, но сепак консултирајте се со Вашиот доктор (имајте предвид дека лековите против маларија не заштитуваат 100% од истата и можно е да имаат несакани дејства);
- Од лекарства можете да понесете лекови за редовна терапија, пробиотици, лекови за намалување на температура, против болки, односно лекови кои генерално ги носите со Вас при секое патување, како и задолжително крема за сонце и средства против комарци (Аутан);
- Задолжително патничко осигурување - информации во агенција;
- Танзанија и Занзибар се безбедни дестинации, доколку се придружувате кон одредени правила. Не се препорачува движење во вечерни часови и во текот на ноќта, бидејќи пред се
- станува збор за сиромшни и неразвиени подрачја. Не е препорачливо да имате на себе скапоцен накит;
- Избегнувајте продавачи на опојни средства, бидејќи истите се забранети и нелегални;
- Совет при фотографирање: Доколку сакате да сликате некој од локалните жители, морате

претходно да побарате дозвола од истите;

- Климата во Танзанија и Занзибар се одликува со високи температури (просечна максимална дневна температура 28-33 степени, ноќна околу 15 до 20 степени), пропратени со висока влажност, а сончевите зраци се прилично силни бидејќи се работи за подрачје околу екваторот. Може да дојде до снижување на температурите поради што препорачуваме и облека со долги ракави/ногавици. Врнежлив период е од март до јуни, но врнежи може да се појават и во текот на другите месеци;
- Плима и осека - На Занзибар плима и осека се често изразени, така што при појава на осека не е возможно капење, додека при појава на плима (2 пати дневно) можете да уживате во вода, која најчесто е прилично топла;
- Традиционалната храна во Танзанија содржи пилешко, говедско (во вид скара или гулаш), ориз, зеленчук и овошје, а на Занзибар морски плодови и Риба. Улична храна не се препорачува (пред се бидејќи се работи за подрачје во кое ваквиот тип на храна не е традиција). Препорачуваме миење на овошје со флаширана вода;
- При патување во Танзанија и Занзибар се препорачува летна и лесна гардероба, но секако имајте со себе и топла облека, пред се поради времето поминато во авион, но и поради тоа што се случува намалување на температурите (во текот на ноќните часови, посебно на Занзибар). Облека со долги ракави/ногавици се препорачува пред се поради заштита од комарци. При посета на градот Stone Town се препорачува пристојна облека бидејќи се работи за место во кое преовладува муслиманско население;
- При сафари екскурзија се препорачува облека со светли бои (избегнувајте темни бои, црни, темно плави или флуроцентни), облека со долги ракави/ногавици поради можност за смалување на температурите под 15 степени во националните паркови, шешир, капа, наочари за сонце како и марама како заштита од вдишување на прашина;
- Валутата која се користи во Танзанија е Тајландски шилинг (TZS) - 1USD = 2180 TZS. Препорака е со себе да носите долари, исклучиво печатени од 2006 година и понови. Во Танзанија и Занзибар има банкомати но не препорачуваме користење на истите, бидејќи се тешко достапни. Не во секое место можете да плаќате со картица - Консултирајте се со Вашата банка за совети и пријавете заминување во странство во случај картиците да не Ви бидат блокирани од страна на банката. Во некој случаеви можете да плаќате и со долари, но имајте ситни пари бидејќи во тој случај го сметаат доларот околу 2000 TZS. При купување на плоштадите, продавници за сувенири или улични продавачи секогаш "ценкајте" се, бидејќи тоа е традиција, како и давањето бакшиш;
- Мрежата на нашите мобилни оператори функционира скоро во сите делови на Танзанија, односно во големите градови. На Занзибар постои можност да воошто немате мрежа. Сите објекти располагаат со безжичен интернет;
- Напонот на електричната енергија е ист како и во Македонија, но потребни се адаптери со 3 влеза, како во Велика Британија. Ваков тип на адаптери неможете да обезбедите на лице место!;
- Забрането е изнесување на школки, корали и минерали како и друг вид предмети од природата;
- На Занзибар внимавајте на морски ежови, медузи и кокосови плодови;
- Доколку сакате да изнајмите моторцикл или автомобил на Занзибар, потребно Ви е меѓународна возачка дозвола како и дозвола која мора да ја извадите на Занзибар, во надлежна полициска станица.